JobAccess
Driving disability employment

# ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ
# УСЛУГИ И ПРОГРАМИ НА РАСПОЛАГАЊЕ НА ЛУЃЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Голем број услуги и програми се на располагање на луѓето со попреченост за да им помогнат да се подготват, најдат и останат на работа. Меѓу нив се:

**Субвенциите за плати (Wage Subsidies)** им даваат на потенцијалните работодавци дополнителен поттик да вработат лица со попреченост.

**Индивидуалната помош на работа (Work Based Personal Assistance)** може да ви помогне за плаќање на услуги на поддршка на работното место за лица на кои им е потребна редовна помош поради нивната попреченост или медицинска состојба.

**Додатокот за превоз (Transport Allowance)** може да ви помогне да ги покриете трошоците за патување до и од работа, учење, обука, доброволна работа или барање работа, ако не можете да користите јавен превоз.

**Програмата за помош при преселување заради вработување (The Relocation Assistance to Take Up a Job programme)** може да помогне да ви бидат надоместени трошоците за преселување.

**Услугите на лични помошници и ментори за вработување (Personal Helpers and Mentors Employment Services)** може да ви помогнат ако на вашиот живот имаат силно влијание ментална болест, добивате додаток на приход за кој ги исполнувате условите и треба да најдете работа.

**Помошта за загрозен работен однос (Job in Jeopardy assistance)** е на располагање ако постои опасност да ја загубите работата како резултат на попреченост, повреда или здравствена состојба.

**Програмата за поттикнување на нови претпријатија (New Enterprise Incentive Scheme)** може да помогне ако сакате да отворите нов мал бизнис.

**Националната програма за работна пракса (National Work Experience Programme)** може да помогне ако сте заинтересирани за платена или неплатена работна пракса што ќе ви помогне да се здобиете со работни способности и самодоверба.

**Програмата за развој на заедницата (Community Development Programme)** им помага на луѓето да се подготват и најдат работа во оддалечени делови на Австралија.

**Способностите за образование и вработување (Skills for Education and Employment)** може да помогнат да ги подобрите вашите способности во поглед на зборувањето, читањето, пишувањето или основните математички операции.

За повеќе информации за овие услуги или за индивидуално приспособени информации за вработување на лица со попреченост, посетете ја интернет страницата www.jobaccess.gov.au или јавете се на советник на JobAccess на 1800 464 800 – повици од мобилни телефони се наплатуваат.